Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 24.04.2020

На 23.04.2020 околу 16.50 часот во близина на бензинска пумпа во Битола од полициски службеници од СВР Битола, по претходна наредба од Основен суд Битола, ги лишиле од слобода А.Н.(39) од с.Дихово, битолско, и А.И.(20) од Куманово, бидејќи при преглед над возило и на пријавените, била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.04.2020 во 11.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Лондонска", го лишиле од слобода М.М.(24) од с.Сарај, скопско, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.04.2020 во 17.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Илинден", го лишиле од слобода Г.С.(33) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.04.2020 во 23.40 часот во Полициска станица Радовиш се лишени од слобода А.С. (33) од Штип и Е.Б. (18) од Радовиш, кои од страна на полициски службеници од Полициска станица Радовиш биле затекнати при обид да извршат „тешка кражба" на ул.„Коџа Баир" во Радовиш. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2020 во 16.30 часот било пријавено дека на регионалниот пат с.Петровец-с.Огњанци, З.О.(21) од с.Огњанци, управувајќи патничко возило „застава југо", со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот М.С.(18) од с.Огњанци, по што бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош, а со повреди се здобил и возачот, по што бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 23.04.2020 во 11.00 часот во Полициската станица Центар Б.Л.(29) од Скопје пријавил дека на ул.„Максим Горки" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 24.04.2020 година околу 06.40 часот на патниот премин кој се наоѓа кај влезот на Фабриката за порцелан во Велес, товарниот воз кој сообраќа на линијата Велес – Прилеп удрил во патничко возило „фолксваген голф", со прилепски регистарски ознаки, управувано од А.Џ.(19) од с.Согле, општина Чашка. Возачот на возилото со тешки телесни повреди е пренесен во болницата во Велес. Извршен е увид на местото на настанот.

На 23.04.2020 во 17.30 часот во Полициската станица Гази Баба С.С.(24) од Скопје пријавила дека на кејот на реката Вардар, во нас.Ќерамидница била касната од куче скитник во пределот на нозете.

На 23.04.2020 во 13.45 часот на ул.„28 Април" во Охрид полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Љ.С.(30) од Скопје, бидејќи во Полициска станица Охрид М.В.(64) од Охрид пријавила дека околу 13.20 часот, во куќа на ул.„28 Април", влегол Љ.С. и со закана со нож се обидел да изврши разбојништво, по што бил совладан од пријавителката и присутните лица на местото на настанот. Увид извршила екипа од СВР Охрид, а по целосно документирање на случајот против пријавениот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.04.2020 околу 16.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово, на ул.„Јане Сандански" во Тетово, го приведе В.Ф.(37) од скопско Студеничани, по кого била распишана потерница за издржување на затворска казна за сторено кривично дело „трговија со луѓе". При приведувањето на В.Ф., кој се обидел да избега, еден полициски службеник испукал предупредувачки куршум во воздух. В.Ф. е спроведен во Казнено-поправната установа „Идризово" во Скопје за издржување на казната.

На 23.04.2020 во 18.00 часот во Полициска станица Битола, 44-годишна жена од Битола пријавила дека околу 14.00 часот во хотел во Битола, со употреба на физичка сила Т.И.(49) од с.Дедебалци, битолско, извршил обљуба над неа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.04.2020 во 04.28 часот во СВР Скопје било пријавено дека спроти хотел во Скопје, на ул.„Кеј 13 Ноември", настанал пожар, при што биле опожарени три трафики. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 23.04.2020 во 16.15 часот во Полициската станица Пробиштип било пријавено дека В.Б.(17) од Пробиштип на ул.„Тодор Александров" во Пробиштип била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 23.04.2020 во 13.40 часот во СВР Скопје, В.Н.(39) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот на ул.„Костурски херои" во Скопје, по претходна расправија, бил нападнат со остар предмет од Б.Н.(37) од Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.04.2020 во СВР Скопје, Љ.З.(54) од Скопје пријавил дека на бул.„Крсте Мисирков" бил каснат од куче скитник во пределот на левата рака.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против тројца малолетници на 17, 16 и 14 години сите од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,насилство". На 23.02.2019 кај Спомен костурницата во Куманово, пријавените физички го нападнале А.А., кој се здобил со повреди.

Регионалниот центар за гранични работи Запад поднесе кривична пријава против Б.Л.(38) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „давање лажен исказ". Пријавениот, на 29.01.2020 во Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija - Струга пријавил губење на неговата македонска патна исправа, издадена од страна на МВР, ОВР Струга на 06.09.2018, на име А.Б., со кое именуваниот се служел до 24.01.2020, кога извршил промена на личното име од А.Б. во Б.Л. При спроведување на управната постапка за издавање дупликат патна исправа, осомничениот пред полициските службеници во Одделението за прекуграничен криминал миграции, странци и readmisija Струга дал лажен исказ дека македонската патна исправа ја изгубил во Струга, на 28.01.2020, за што бил составен Записник на кој осомничениот лично се потпишал.

СВР Охрид и СВР Битола поднесоа 20 кривични пријави против: У.Ф.(59) од Дебар, Б.А.(42), С.Л.(77), М.Ц.(37), В.Ј.(21), Г.Р.(18), А.М.(23), С.Л.(77), сите седуммина од Кичево, П.Г.(66) од с.Вранештица, кичевско, Ж.В.(48), З.Б. (52), Ш.Д.(22), тројцата од Битола, Г.Г.(43) и Д.Б.(40), двајцата од Горно Оризари, битолско, Ј.Ј.(47), од Македонски Брод, Љ.З.(30) од с.Колари, кичевско, С.Н.(28), А.Д.(33), В.А.(38), Р.А.(67), сите четворица од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 31.03.2020 до 01.04.2020 не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.